РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ


**До:** **Сите радиодифузери**

**За:** **Директор/управител/главен и одговорен уредник**

**Бр.** 03-3193/3

**Скопје** 26.08.2021г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


**Предмет: Кампањи за вакцинација и за антикорупција**

Почитувани,

Владата на Република Северна Македонија ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека има подготвено едукативни и информативни кампањи за вакцинација и антикорупција, во рамките на кои, на програмите на радиодифузерите треба да се прикажуваат ТВ и радиоспотови чие емитување ќе биде исклучок од ограничувањата што произлегуваат од Изборниот законик и ќе се прикажуваат означени како „бесплатно емитување“.

1.Согласно член 75-д став 4 од Изборниот законик (ИЗ), од денот на распишување на изборите сѐ до нивното завршување, радиодифузерите не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања освен рекламите кои се финансираат од Буџетот на државата согласно ИЗ.

Во врска со Кампањата за вакцинација, односно за имунизација на населението како единствена алатка за борба со пандемијата од Ковид-19 и за заштита на јавното здравје, која содржи ТВ спотови, Агенцијата смета дека е од исклучителна важност за да се надминат дезинформациите и задршката кај дел од населението околу примањето на вакцината. Нејзиното емитување токму во овој миг - пред почетокот на учебната година и во време на брзо и нагло ширење на новиот пандемски бран – е неопходно за да се допре до што поголем дел од населението со цел - процесот на имунизација да се интензивира, со што ќе се постигне колективен имунитет и ќе се подобри општата состојба со заразата.

**Агенцијата смета дека Кампањата за вакцинација се однесува на прашање кое засега значаен дел од општеството и нејзиното емитување е неопходно за да се пренесат информации кои се важни за заштита на јавното здравје, со што исполнува еден суштински критериум да биде емитувана означена како „бесплатно емитување“. Истовремено, итноста и неодложноста на прашањето на кое се однесува ја квалификува како кампања чие емитување, во периодот по распишувањето на Локалните избори 2021, ќе се смета за исклучок од забраната од член 75-д став 4 на Изборниот законик. Очекуваме дека, во рамките на својата самостојна и независна уредувачка политика, ќе донесете одлука да ги емитувате ТВ спотовите од оваа кампања означени како „бесплатно емитување“.**

2.Што се однесува до Кампањата за борба против корупцијата чија цел е – на граѓаните и службениците од државната администрација да им ги доближи антикорупциските механизми и да ги поттикне да не иницираат корупциски активности

туку да им се спротивстават, а која содржи ТВ и радиоспотови, Агенцијата смета дека борбата против корупцијата несомнено засега значаен дел од општеството.

**Меѓутоа**, Кампањата за борба против корупцијата ја нема истата одлика на итност и неодложност како Кампањата за вакцинација, поради што **таа не може да биде сметана за исклучок од забраната од Изборниот законик, односно, нејзиното емитување пред да завршат Локалните избори 2021 година ќе се смета за прекршок на член 75-д став 4 од ИЗ. По завршувањето на изборите, во рамките на својата самостојна и независна уредувачка политика, можете да донесете одлука - ТВ и радиоспотовите од оваа кампања да ги емитувате означени како „бесплатно емитување“**.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**